РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 04-496/22
29.04 2026 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република македонија'' бр.02/05) и член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија'' бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Македонија'' бр.143/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), Градоначалникот на Општина Ранковце, на ден 29 04.2026 година , донесе

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидат по пат на Интерен оглас Бр.01/2026 за пополнување на работно место со унапредување**

1. За извршител на работно место УПР0101Г01000, Самостоен референт за месни заедници и работи за Советот и за телата на Советот во Одделението за правни и општи работи се избира кандидатот Наташа Нешевска.
2. Ова Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Образложение

На ден 09.04.2026 година е објавен Интерен оглас Бр.01/2026 на веб страните на Општина Ранковце и на Агенцијата за администрација за унапредување на административен службеник во општинската администрација на Општина Ранковце.

Комисијата за селекција за унапредување по Интерен оглас Бр.01/2026 формирана со Решение Бр.04-496/12 од 20.04.2026 година ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник од административна селекција за интерен оглас Бр.04-496/15 од 28.04.2026 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник заради спроведување на интервју Бр.04-496/18 од 28.04.2026 година.

Врз основа на Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за работното место УПР0101Г01000, Самостоен референт за месни заедници и работи за Советот и за телата на Советот во Одделението за правни и општи работи, Градоначалникот на Општина Ранковце донесе одлука како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука може да поднесе жалба во рок од 8 дена од приемот на истото, преку Општина Ранковце до Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен при Агенцијата за администрација.

Да се достави до:
-избраниот кандидат
-одделени за човечки ресурси
-архива на општина Ранковце
-да се објави на интернет страната на Општината

**29.04.2026 год.**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ